

**ДЕЛ ОД ЖИВОТОТ И ПОСТИГНУВАЊАТА НА АРХИЕПИСКОПОТ НА МПЦ-ОА Г.Г. МИХАИЛ**

Во врска со улогата на свештеникот Михаил Гогов (архиепископ г.г.Михаил) во македонското иселеништво во Канада треба да се нагласи следното:

Четвртиот поглавар на Македонската православна црква-Охридска архиепископија господин господин Михаил како професор на Богословскиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје има огромна заслуга за афирмација на духовно-националното живеење во Македонија и македонското иселеништво во светот.

Архиепископот охридски и македонски господин господин Михаил (Методи Гогов) беше четвртиот поглавар на Македонската православна црква-Охридска архиепископија по нејзиното обновување. Михаил беше свештеник и вероучител, даровит црковен оратор и

мудрец, и остана запаметен по прекрасните беседи.

Беше делегат на Првото заседание на АСНОМ, еден е од иницијаторите и организаторите на Иницијативниот одбор за организирање на црковниот живот во Македонија и поборник за возобновување на Охридската архиепископија, професор во Средното богословско училиште и професор и декан на Богословскиот факултет во Скопје.

Напишал повеќе дела и превел богослужбени книги. Беше архипастир со евангелско смирение, со апостолска доследност и со Светиклиментов самопрегор. Тој работеше со ист прегор за градење на единството и угледот на Македонската православна црква-Охридска архиепископија како дома така и во светот, а беше меѓу првите мисионери во Австралија. Тој е единствениот духовник на кој му било понудено местото претседател на Република Македонија.

1. Свештеникот Методи Гогов (архиепискот Михаил) беше свештекик и поглавар на МПЦ-ОА кој служел во сите македонски православни цркви во Канада. Секое доаѓање во Торонто, тој служеше во Св. Климент Охридски во Торонто. Оваа е прва македонска православна црква во Канада, која е катедрална и е една од најзначајните и најпознатите цркви и културно-просветни институции на Македонците во Северна Америка и пошироко.





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**